**Известување за концентрација со која Метсо Финланд Оу Финска се стекнува со единствена контрола над Свисс Товер Миллс Минералс АГ Швајцарија**

**(предмет бр. 08-148/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 05.11.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Метсо Финланд Оу (*Metso Finland Oy*), компанија основана согласно законите на Финска, со регистрирано седиште на Раухаланпуисто 9, 02230 Еспоо, Финска се стекнува со единствената контрола над Свисс Товер Миллс Минералс АГ (*Swiss Tower Mills Minerals AG*), компанија основана согласно законите на Швајцарија, со регистрирано седиште на Хаселштрасе 1, 5400 Баден, Швајцарија, преку стекнување на 85% од акциите на целното друштво, во кое стекнувачот веќе поседува 15% од акционерскиот капитал на целното друштво. По спроведувањето на трансакцијата, стекнувачот ќе поседува 100% од акциите во целното друштво.

Метсо Финланд Оу е машинска компанија од Финска која нуди производи и услуги од агрегатната индустрија, индустријата за обработка на минерали и индустријата за рафинирање на метали. Основана во Финска, со регистрирано седиште на Раухаланпуисто 9, 02230 Еспоо, Финска, Метсо е дел од Метсо Групацијата која вклучува повеќе од 100 компании кои дејствуваат во осум пазарни области низ приближно 50 земји.

Во Северна Македонија, стекнувачот има регистрирано корпоративно присуство преку своето зависно друштво – Друштво за трговија и услуги МЕТСО ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Њуделхиска бр. 6-2/4, Скопје – Карпош и регистрирана приоритетна дејност – трговија на големо со машини за рударство и градежништво.

Свисс Товер Миллс Минералс АГ е инженерска компанија од Швајцарија која е специјализирана во развој на дробилки и помошни системи за фино, ултрафино и грубо дробење, со регистрирано седиште на Хаселштрасе 1, 5400 Баден, Швајцарија и претставува холдинг-компанија на поврзаните друштва на Свисс Товер Миллс Минералс АГ кои се предмет на индиректно стекнување од страна на Метсо согласно предложената трансакција.

Во Северна Македонија, целното друштво нема корпоративно присуство, не презело активности, ниту пак остварило приход во годината што и претходи на трансакцијата.

Согласно подносителот, дефиницијата на релевантен пазар може да биде оставена отворена за целите на оценка на поднесената концентрација од страна на Комисијата.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и*

*Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

13.11.2024 година
Скопје